Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-356/4
__________ година

06-07-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-356 од 15.5.2023 година, поднесена од [redacted] и [redacted] Скопје против [redacted] од Битола, за сторена дискримнација врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 5.7.2023 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата.

**Образложение**

На 15.5.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] и [redacted] Скопје против [redacted] од Битола, за сторена дискримнација врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во претставката се наведува дека [redacted] на 29.3.2023 година, преку компјутерски систем, со објава на текстуална содржина и фотографија, од својот профил на социјалната мрежа Фејсбук во јавноста ширела материјал со кој се поттикнува и повикува на дискриминација врз основа на сексуална ориентација. Имено, таа напишала:

> *„Домашна работа за I- во одделение во ОУ." Св. Кирил и Методиј" Скопје-центар.*
> *Ваква "грешка" на наставник кој го дал ова работно ливче и не е баш грешка.*
> *Jeton Shaqiri министре!*
> *Кога веќе имате најава дека ќе вршите измени во законот за основно образование, тогаш веднаш да ги измените и членовите од законот во кој се вметнати термините кои се против уставни и без законска регулатива! Знаете добро за што зборувам!*
> *Секое полнолетно лице нека избере да биде што сака и нека се определи како сака, но тој, па ни било кој друг нема право да го наметнува ова на НАШИТЕ ДЕЦА од најрана возраст!*
> *Семејството го сочинуваат МАЈКА И ТАТКО!*
> *МАЖ И ЖЕНА!*
> *БЕРЕТЕ УМ!“*

Подносителите истакнуваат дека под текстот е споделена фотографија од наводна „вежба за рецепт за среќно семејство“ на која се прикажани слики од истополови двојки, а која наводно била дадена во основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ во Општина Центар, Скопје.



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Спорната објава има околу 700 реакции, 320 споделувања и повеќе од 60 коментари. Подносителите во тој контекст наведуваат дека од коментарите веднаш е видлив ефектот од повикувањето и поттикнувањето на дискриминација, од каде можат да се видат бројни коментари кои содржат вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во продолжение тие наведуваат дел од коментарите кои содржат вознемирување:

*„Сатанисти“, „Уште во I одд. перење мозоци! Изроди!“, „Некој се труди да ја уништи главната клетка на ова општество“, „Ма све по списку што е новоизмислено треба да се запали“, „Овие книги под итно треба да се запалат и да се стави точка на едно вакво силување на нашите деца!“, „Се тера американска болна пропаганда“, „Ме фаќа мачнина во желудникот, уште малку и ќе ги убедуваат децата дека мажите ќе раѓаат, истополовите бракови се нешто нормално... ПС Како ќе изгледа настава каде маж кој се чувствува како жена е наставник??? Со брада, фустан, штикли ќе им предава на учениците“, „Што е оваааааа? Гилотина е спас, друго чаре немаааа“, „Види мал...ни виа треба под итно на кладиво на сред плоштад и тиа шо ги пишел овие книги и тиа што дозволил да се печатат“, „Ќе не стигне некое проклетство и ќе исчезни човечкиот род“.*

Подносителите велат дека статусот сам по себе е дискриминаторски и промовира идеја дека истополовите двојки не се еднакви со хетеросексуалните, дека се штетни, непожелни, а особено е претставено како штетно тоа децата да знаат дека вакви двојки постојат и дека имаат право на семејство. Дополнително сметаат дека статусот сам по себе ја нема преминато линијата на говор на омраза, односно на директен начин не ги претставува ЛГБТИ луѓето како болни, штетни, морално корумпирани и слично. Меѓутоа сметаат дека статусот повикува на дискриминација на непосреден начин, односно создава дискурс во кој истополовите двојки, т.е. хомосексуалците, се прикажуваат како штетни и болни, а нивните врски не се соодветни за да бидат опфатени во образованието.

Во продолжение на претставката подносителите велат дека таа со статусот се залага за измени во Законот за основно образование со кои нејзините здруженија бараат да се отстрани родот, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и воопшто концептот на родова еднаквост од образованието, што само по себе претставува застапување против правата на жените и на ЛГБТИ луѓето. Дополнително, велат тие, [redacted] истакнува исклучувачка, хетеросексистичка дефиниција за семејството како заедница на маж и жена. Оттука, се наведува дека таа и нејзините здруженија ги користат своите права на слобода на говор, мисла и здружување во насока на негирање на правата на другите, односно за повикување и поттикнување на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Подносителите сметаат дека целта на статусот е да креира атмосфера на страв и паника од „непријателот“- ЛГБТИ заедницата, да се прикажат ЛГБТИ луѓето како ненормални и со тоа да се создаде заканувачка, исклучувачка, непријателска и понижувачка атмосфера, но и дискриминаторски пристап до правото на образование за ЛГБТИ луѓето. Всушност, ефектот од нејзиниот повик и поттикнување на дискриминација тие го гледаат веднаш во коментарите кои содржат говор на омраза и вознемирување, а во кои за ЛГБТИ луѓето се зборува како за изроди, сатанисти, се повикува на насилство, спалување, гилотина и слично. Оттука, сметаат дека повикот и поттикнувањето на дискриминација од страна на [redacted] се успешно реализирани.

Впрочем, за таквиот говор кој се истакнува на социјалните мрежи велат дека создава непријателска и застрашувачка средина за ЛГБТИ луѓето, која негативно влијае на нивното психо-физичко здравје, наметнувајќи чувства на страв, срам, неприпаѓање и напуштеност од страна на околината, од каде можат да се развијат сериозно психолошки последици. Пораките кои секојдневно ги примаат ЛГБТИ им кажуваат дека се болни, штетни, отфрлени или уште повеќе, дека заслужуваат насилство


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

и смрт. Токму таквиот говор на омраза сметаат дека ги демотивира ЛГБТИ луѓето да ги побараат и уживаат своите права, што пак ги остава на маргините на општеството. Наведуваат дека статусот на [redacted] бил споделен и од Фејсбук страницата „Коалиција за заштита на децата“, профил за кој велат дека подолго време наназад, постојано учествува во оркестрирано и масовно ширење на дезинформации, користење на стратегии на ширење страв и паника, а сè со цел негирање на правата на ЛГБТИ луѓето и спречување на нивно унапредување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 16.5.2023 година испрати Известување бр. 08-356/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На ден 31.5.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на [redacted].

Во одговорот, таа првенствено истакнува дека се изненадила од коментарите кои биле напишани под нејзината објава на социјалната мрежа Фејсбук, а кои се посочени од страна на подносителите на претставката, и вели дека истите ги избришала веднаш штом ја примила претставката. Истовремено, наведува дека би ги советувала подносителите на претставката следен пат да ги контактираат лично луѓето кои шират говор на омраза преку коментари, со цел побрзо отстранување на коментарите и штетата која ја предизвикуваат истите, за да нема вознемирување на луѓето кои подоцна би ги прочитале. Последно, пишува дека што се однесува до нејзиниот пост, се согласува со подносителите дека во него не е содржан никаков говор на омраза.

Земајќи ги предвид наводите од претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено делото "повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација" од страна на Драгана Спасевска, бидејќи не е исполнета законската дефиниција содржана во **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**.

Во својата објава, [redacted] го искажала своето незадоволство во однос на спорно наставно ливче дадено во основно училиште, кое предизвикало реакции во јавноста. Понатаму таа се обратила на министерот за образование и наука, велејќи му дека е потребна измена на членови од закон. Последно, го искажала нејзиниот став во врска со тоа што според нејзе сочинува едно семејство. Во однос на прашањето дали објавата на Драгана Спасевска поттикнала дискриминација, клучна е самата содржина на објавата.

Во овој контекст, член 9 од Законот гласи:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.“*

Согласно вака цитираната одредба, не секое искажано мислење на одредена тема претставува дискриминација. За одредено дејствие да се смета за повикување на дискриминација, истото мора да содржи нешто што претставува навреда, клевета, исмевање или друго дејствие кое би поттикнало дискриминација кон одредено лице или група на луѓе. Доколку се земат предвид фактите на случајот, односно содржината на објавата, може да се заклучи дека истата не ја исполнува законската дефиниција за (поттикнување) дискриминација. Ова е од причина што искажувајќи го своето мислење, Драгана Спасевска не упатила навреди, исмевања или клевети кон ЛГБТИ луѓето, кои би можеле да бидат толкувани како повик за дискриминација.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Дополнително, нејзиното обраќање во објавата е насочено кон носител на јавна функција, во случајот министерот за образование и наука, а не кон ЛГБТИ популацијата. Оттука, земајќи предвид дека во објавата не постои, директно или индиректно, повикување на дискриминација или насилство, не се воспоставува ни причинско-последична врска помеѓу нејзината објава и коментарите под нејзе, односно не може да се смета дека таа, преку својот говор, ги поттикнала нејзините следачи да оставаат коментари со вознемирувачка содржина. Поради горенаведените причини, не може да се утврди одговорност кај лицето кое ја објавило содржината за коментарите оставени од страна на трети лица.

Во овој контекст, анализирајќи ги границите на слободата на изразување, Комисијата се повикува на дел од образложението на Европскиот суд за човекови права, дадено во случајот Handyside против Велика Британија, кое гласи:

*„Надзорната функција на Судот го обврзува да обрне особено внимание на принципите кои го карактеризираат "демократското општество". Слободата на изразување претставува една од суштинските основи на таквото општество, еден од основните услови за нејзиниот напредок и за развојот на секој човек. Предмет на член 10 став 2 [од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи] не се само "информации" или "идеи" кои се поволно примени или се сметаат за ненавредливи или како прашање на индиферентност, туку и оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или било кој дел од населението. Тоа го наложуваат плурализмот, толеранцијата и широкогледоста без кои не постои едно "демократско општество".“*

Комисијата го зема предвид фактот дека [redacted] има право да ги искаже своите ставови и мислења, согласно слободата на изразување која секој човек ја ужива, притоа еднакво ценејќи ги и околностите во кои истата може да се ограничи. Во конкретниот случај Комисијата утврди дека не е премината границата на слободата на изразување, па оттука ограничувањето на говорот не би служело на легитимната цел да се заштитат угледот и правата на други.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted].

Скопје
6.7.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk